| Одржување на хигиена и хиг.средства | 10.938 | 13.656 |
| Надоместостоци за вработени (отпремнина за пензија, погреб) | 18.700 | 5.650 |

| | | |
|---|---|---|
| Систематски прегледи на вработени | / | 20.000 |
| Трошоци за ХТЗ опрема | / | 6.720 |
| Трошоци за градежни материјали | 9.124 | 7.964 |
| Останати трошоци, ситен инвентар и др.материјални трошоци (издатница) | / | 7.198 |
| Набавна вредност на стоки и рез.делови | 11.976 | / |
| Амортизација на опрема | 3.830 | / |
| **ВКУПНО:** | **499.814** | **464.759** |
| **Вкупни трошоци I+II+III+IV+V+VI+VII** | **4.467.767** | **4.055.680** |

Во трошоците за вода и канализација спаѓаат трошоци за: платите на вработените на филтер станицата, водоинсталатерите, електрична енергија на филтер станица, трошоци за испитување на квалитетот на водата, трошоци за набавка на хлор, алуминиум, вар, водоводни и канализациони делови и тн. Имаме зголемување на трошоците за вода и канализација во 2024 во однос на 2023 година. Трошоците за плата за електричар во 2024 ги нема заради прераспределба на вработениот од Електричар во Чувар на филтер станица.

Трошоците за собирање и изнесување на отпад се трошоците за: платите за сите вработени во ова одделение, нафта за камион за смет, резервни делови за камионот за смет и тн. Овие трошоци се зголемени во однос на истиот период 2023 година, воглавно заради порастот на минималната плата.

Трошоците за Управа се трошоците за платите за вработените во управата, дневници за членови на Управен и Надзорен одбор.

Во останати-заеднички трошоци спаѓаат трошоците за: канцелариски материјали, трошоци од фиксен режим (телефон, интернет), дневници за вработени, репрезентација, електрична енергија за управна зграда, поштенски и карго услуги, одржување на софтвер, членарини, трошоци за стручно усовршување и обуки на вработени, нотарски и адвокатски трошоци и др односно сите трошоци кои не можат да се распределат по одделенија, туку се последница на целокупното работење.

Во трошоци за услуги од правни лица спаѓаат трошоците за испитување на микроклиматски услови, набавка и инсталација на дигитални потписи и др.

Трошоци за услуги по Договор на дело се трошоците за сечење на огревно дрво, ангажирање на лице за метење и одржување на јавна чистота.

### *1.4 Процент на наплата*

| ПРОЦЕНТ НА НАПЛАТА | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| **Физички и правни лица** | 94% | 94% |

## 1.5 Анализа на приходи и трошоци по одделенија

| | Приход | Трошок |
|---|---|---|
| Водовод и канализација | 2.348.586 | 1.567.702 |
| Отпремување со отпад | 1.128.110 | 754.033 |
| Погребално | 187.490 | 21.000 |
| Механизација | 149.221 | 309.657 |
| Паркови, зеленило и јавна чистота | 22.100 | 369.759 |
| Управа | / | 945.802 |
| Останати | 115.443 | 499.814 |
| Вкупно | **3.950.950** | **4.467.767** |
| **Загуба за 2024 година** | | **516.817** |

JКП ,,Комуналец" Пехчево
ВД Директор
Драгана Вазлиска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за престанок на начинот за обештетување на граѓаните за солидарен погреб**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за престанок на начинот за обештетување на граѓаните за солидарен погреб, што советот на општина Пехчево ја донесе на 27-та седница одржана на ден 27.06.2024 година.

Бр. 09-715/9<br>27.06.2024 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 05/2002), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр.03/2021) и Укажување од Државен комунален инспекторат ИП1 08-IV-20/2, Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.06.2024 год. донесе:

**ОДЛУКА**

**за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за престанок на начинот за обештетување на граѓаните за солидарен погреб**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава согласност на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за престанок на начинот за обештетување на граѓаните за солидарен погреб.

**Член 2**

Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за престанок на начинот за обештетување на граѓаните за солидарен погреб бр.02-337/4 од 11.06.2024 година, е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-703/1<br>27.06.2024 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 02-337/4
11.06.2024 год.
ПЕХЧЕВО

Врз основа на одредбите од Законот за гробишта и погребални услуги (Службен весник на Република Македонија бр. 86/2008, 156/2010, 53/2011, 163/2013, 152/2015 и 31/2016) и член 14 од Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево, а во врска со Укажувањето на државниот комунален инспектор бр. ИП1 08-IV-20/2 од 21.02.2024 година, Управниот одбор на седницата одржана на ден 11.06.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за престанок на начинот за обештетување на граѓаните за солидарен погреб**

Член 1

Со оваа Одлука Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" - Пехчево, одлучи ЈКП "Комуналец" - Пехчево да престане да ги обештетува граѓаните кои плаќале за солидарен погреб.

Член 2

Обештетувањето на граѓаните кои плаќале за солидарен погреб кое е определено во Одлуката за начинот на обештетување на граѓаните кои плаќале за солидарен погреб бр. 02 - 188/6 од 22.02.2019 година е спротивно на одредбите од Законот за гробишта и погребални услуги и затоа престанува да важи.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за начинот на обештетување на граѓаните кои плаќале за солидарен погреб бр. 02 - 188/6 од 22.02.2019 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила и ќе се применува со денот на добивањето согласност од Советот на општина Пехчево и објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

11.06.2024 година
Пехчево

Управен одбор
на ЈКП "Комуналец" - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за запирање на наплата на административен надоместок за издавање одобрение за погреб**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за запирање на наплата на административен надоместок за издавање одобрение за погреб, што советот на општина Пехчево ја донесе на 27-та седница одржана на ден 27.06.2024 година.

Бр. 09-715/10
27.06.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 05/2002), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр.03/2021) и Укажување од Државен комунален инспекторат ИП1 08-IV-20/2, Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.06.2024 год. донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за запирање на наплата на административен надоместок за издавање одобрение за погреб**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава согласност на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за запирање на наплата на административен надоместок за издавање одобрение за погреб.

**Член 2**

Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за запирање на наплата на административен надоместок за издавање одобрение за погреб бр.02-337/3 од 11.06.2024 година, е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-704/1
27.06.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 02-337/3
11.06.2024 год.
ПЕХЧЕВО

Врз основа на одредбите од Законот за гробишта и погребални услуги (Службен весник на Република Македонија бр. 86/2008, 156/2010, 53/2011, 163/2013, 152/2015 и 31/2016) и член 14 од Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево, а во врска со Укажувањето на државниот комунален инспектор бр. ИП1 08-IV-20/2 од 21.02.2024 година, Управниот одбор на седницата одржана на ден 11.06.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за запирање на наплата на административен надоместок за издавање на Одобрение за погреб**

Член 1

Со оваа Одлука Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" - Пехчево, одлучи ЈКП "Комуналец" - Пехчево при издавање на Одобрение за погреб да не наплатува административен надоместок за издавање на Одобрение за погреб.

Член 2

Надоместокот кој се наплаќа за издавање на одобрение за погреб кој е определен во Одлуката за административен надоместок за издавање на одобрение за погреб бр. 07 - 15/2 од 14.02.2011 година и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за административен надоместок за издавање на Одобрение за погреб бр. 02 - 430/5 од 09.10.2018 година не е предвиден во Законот за гробишта и погребални услуги и затоа се запира наплатата.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за административен надоместок за издавање на одобрение за погреб бр. 07 - 15/2 од 14.02.2011 година и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за административен надоместок за издавање на Одобрение за погреб бр. 02 - 430/5 од 09.10.2018 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила и ќе се применува со денот на добивањето согласност од Советот на општина Пехчево и објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

11.06.2024 година
Пехчево

Управен одбор
на ЈКП "Комуналец" - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за утврдување на висината на цената за работна рака**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за утврдување на висината на цената за работна рака, што советот на општина Пехчево ја донесе на 27-та седница одржана на ден 27.06.2024 година.

Бр. 09-715/11<br>27.06.2024 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 05/2002), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.06.2024 год. донесе:

**ОДЛУКА**

**за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за утврдување на висината на цената за работна рака**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава согласност на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за утврдување на висината на цената за работна рака.

**Член 2**

Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за утврдување на висината на цената за работна рака бр.02-337/5 од 11.06.2024 година, е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-705/1<br>27.06.2024 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 02-337/5
11.06. 2024 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 19 став 2 точка 7 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РСМ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Службен весник на РСМ бр. 275/19, 89/2022 и 274/2022) и член 14 од Статутот на ЈКП „Комуналец" - Пехчево, Управниот одбор на седницата одржана на ден 11.06.2024 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА ЗА РАБОТНА РАКА

Член 1

Висината на цената за работна рака при вршење на услуги од работници изнесува 500 денари/час + ДДВ.

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи цената за работна рака утврдена во Ценовникот за извршување на услуги и работи од страна на ЈКП „,Комуналец,, - Пехчево бр. 01 -317/1 од 28.03.2022 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила и ќе се применува по дадена согласност од Советот на општина Пехчево и објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

11.06.2024 година
Пехчево

Управен одбор
на ЈКП „Комуналец" - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за висината на цената за обновување на водоводен приклучок**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за висината на цената за обновување на водоводен приклучок, што советот на општина Пехчево ја донесе на 27-та седница одржана на ден 27.06.2024 година.

Бр. 09-715/12 Градоначалник на
27.06.2024 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 05/2002), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.06.2024 год. донесе:

**ОДЛУКА**

**за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за висината на цената за обновување на водоводен приклучок**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава согласност на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за висината на цената за обновување на водоводен приклучок.

**Член 2**

Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за висината на цената за обновување на водоводен приклучок бр.02-337/6 од 11.06.2024 година, е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-706/1 Совет на општина Пехчево
27.06.2024 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 02-337/6
11.06. 2024 год.
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 7 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Службен весник на РМ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15, 31/16 и Службен весник на РСМ бр. 21/21), член 19 став 2 точка 7 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РСМ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Службен весник на РСМ бр. 275/19, 89/2022 и 274/2022) и член 14 од Статутот на ЈКП „Комуналец" - Пехчево, Управниот одбор на седницата одржана на ден 11.06.2024 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ВОДОВОДЕН ПРИКЛУЧОК

Член 1

Висината на цената за обновување на водоводен приклучок, на физички и правни лица, се одредува и зависи од големината (изразена во„цол„) на водоводниот приклучок.

Член 2

Цената за обновување на водоводниот приклучок изнесува:

1. Обновување на водоводен приклучок од ½" и ¾" за физичко лице .................................... 1.750,00 денари +ДДВ
2. Обновување на водоводен приклучок од ½" и ¾" за правно лице .................................... 2.500,00 денари + ДДВ
3. Обновување на водоводен приклучок од 1" до 2" за физичко лице .................................... 2.000,00 денари +ДДВ
4. Обновување на водоводен приклучок од 1" до 2" за правно лице .................................... 3.500,00 денари +ДДВ
5. Обновување на водоводен приклучок од 2½" до 4" за физичко лице .................................... 4.500,00 денари +ДДВ
6. Обновување на водоводен приклучок од 2½" до 4" за правно лице .................................... 6.500,00 денари +ДДВ

Член 3

Со дејот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи цената за обновување на приклучок утврдена во Ценовникот за извршување на услуги и работи од страна на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево бр. 01 - 317/1 од 28.03.2022 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила и ќе се применува по дадена согласност од Советот на општина Пехчево и објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

11.06.2024 година
Пехчево

Управен одбор
на ЈКП „Комуналец" - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за не давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за наплата на извршни предмети без камата**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за не давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за наплата на извршни предмети без камата, што советот на општина Пехчево го донесе на 27-та седница одржана на ден 27.06.2024 година.

Бр. 09-715/13 Градоначалник на
27.06.2024 год. Општина Пехчево
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 05/2002), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.06.2024 год. донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за не давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за наплата на извршни предмети без камата**

**Член 1**

Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за наплата на извршни предмети без камата, ќе се разгледува на наредната седница на совет.

**Член 2**

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-707/1 Совет на општина Пехчево
27.06.2024 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - "Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2" за финансирање на техничка документација за „Замена на загадувачки со помалку загадувачки систем за греење во Домот на културата „Јане Сандански" – Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - "Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2" за финансирање на техничка документација за „Замена на загадувачки со помалку загадувачки систем за греење во Домот на културата „Јане Сандански" – Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 27-та седница одржана на ден 27.06.2024 година.

Бр. 09-715/14<br>27.06.2024 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ"бр.5/02) и член 30 став 39 од Статутот на Општина Пехчево („Сл.гласник на Општина Пехчево бр.3/21), а во врска со Проектот на UNDP и Шведската Агенција за меѓународен развој (СИДА) „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2", Советот на Општина Пехчево на 27-ма седница одржана на ден 27.06.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**

за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - **"Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2"** за финансирање на техничка документација за **„Замена на загадувачки со помалку загадувачки систем за греење во Домот на културата „Јане Сандански", Пехчево**

Член 1

Советот на Општина Пехчево дава согласност за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Пехчево во реализација на проектот **„Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2"** за финансирање на техничка документација за **„Замена на загадувачки со помалку загадувачки систем за греење во Домот на културата „Јане Сандански", Пехчево.**

Член 2

Општина Пехчево ќе учествува во проектот со сопствено кофинансирање во износ од 20% од вкупната вредност на проектот за финансирање на техничката документација.

Член 3

Доколку трошоците ја надминуваат максималната вредност на грантот, Општина Пехчево се обврзува да ги покрие сите средства над висината на грантот и доколку тоа ги надминува минималните 20% кофинансирање.

Член 4

**Проектот "Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2"** за финансирање на техничка документација за **„Замена на загадувачки со помалку загадувачки систем за греење во Домот на културата „Јане Сандански", Пехчево** ќе биде аплициран до **UNDP**, за добивање на средства од **Првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти.**

Член 5

Средствата од член 2 на оваа одлука ќе бидат обезбедени и исплатени од Буџетот на Општина Пехчево за 2024 година.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пехчево".

Бр.08-708/1
27.06.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за утврдување на приоритет за аплицирање на Проектот на UNDP и Шведската Агенција за меѓународен развој (СИДА) „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2“**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на приоритет за аплицирање на Проектот на UNDP и Шведската Агенција за меѓународен развој (СИДА) „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2“, што советот на општина Пехчево ја донесе на 27-та седница одржана на ден 27.06.2024 година.

Бр. 09-715/15<br>27.06.2024 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 30 став 39 од Статутот на Општина Пехчево („Сл.гласник на Општина Пехчево бр.3/21), а во врска со Проектот на UNDP и Шведската Агенција за меѓународен развој (СИДА) „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2“, Советот на Општина Пехчево на 27-ма седница одржана на ден 27.06.2024 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување на приоритет за аплицирање на Проектот на UNDP и Шведската Агенција за меѓународен развој (СИДА)**

**„Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2“**

Член 1

Советот на Општина Пехчево дава согласност за аплицирање и учество на Општина Пехчево во реализација на проектот на UNDP и Шведската Агенција за меѓународен развој (СИДА), Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2“.

Член 2

**„Замена на загадувачки со помалку загадувачки систем за греење во Домот на културата „Јане Санадански“, Пехчево** се утврдува како приоритет на Општина Пехчево за аплицирање на Проектот на UNDP и Шведската Агенција за меѓународен развој (СИДА) „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фаза 2“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пехчево“.

Бр.08-709/1
27.06.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за разрешување и именување на членови на Управен одбор во ОУ ДК Јане Сандански - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за разрешување и именување на членови на Управен одбор во ОУ ДК Јане Сандански - Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на 27-та седница одржана на ден 27.06.2024 година.

Бр. 09-715/16
27.06.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) член 35 од Законот за култура (Сл.Весник на Р.М бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 15/2008, 116/2010, 47/2011, 51/2011, 136/2012, 23/2013, 187/2013, 44/2014, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.06.2024 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за разрешување и именување на членови на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево**

**Член 1**

Точката е симната од дневен ред, поради техничка грешка.

**Член 2**

Заклучокот влегува во сила со денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-710/1
27.06.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на членови на Комисијата за процена на штета при елементарни непогоди**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на членови на Комисијата за процена на штета при елементарни непогоди, што советот на општина Пехчево ја донесе на 27-та седница одржана на ден 27.06.2024 година.

Бр. 09-715/17
27.06.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М бр.05/2002), и член 31 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 27.06.2024 година донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на членови на Комисијата за процена на штета при елементарни непогоди**

**Член 1**

Љупчо Галазов се разрешува од член на Комисија за процена на штета при елементарни непогоди, поради негово барање.

Ефтим Андоновски се разрешува од член на Комисија за процена на штета при елементарни непогоди, поради заминување во пензија.

**Член 2**

Комисијата за процена на штета при елементарни непогоди е во следниот состав:

- Николчо Станоевски - Одделение за урбанизам при општина Пехчево,
- Душко Миовски - општина Пехчево
- Милева Кеповска - дип.инж. агроном
- Љупчо Костадинов - член од Совет на општина Пехчево и
- Миле Гошевски - член од Совет на општина Пехчево

**Член 3**

Комисијата има за задача:

- да излезе на увид на лице место и да ја утврди состојбата на површините, согласно Единствената методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди, во зависност од тоа од каква непогода или друга несреќа е настаната штетата и во најбрз можен рок да изготви Записник со проценета штета, кој треба да го достави до архивата на општина Пехчево;

- Утврдувањето на височината на штетата да се започне веднаш по настанувањето на непогодата, а најдоцна 30 (триесет) дена од престанокот на непогодата;

- Да изработи збирен извештај за проценетите штети на подрачјето на општината и да го достави до Советот на општината на разгледување;

- Усвоениот извештај да го достави до Републичката комисија за процена на штети;

- Да врши и други работи согласно Законот за заштита и спасување и другите законски прописи што ја уредуваат оваа проблематика.

**Член 4**

Комисијата за процена на штети при елементарни непогоди има право да ангажира и други стручни лица (надворешни членови), ако природата на непогодата го бара тоа.

**Член 5**

Комисијата е со мандат до 23.12.2025 год, согласно Одлука бр.08-1384/1 од 23.12.2021 година.

**Член 6**

Одлуката стапува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-711/1
27.06.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за настаната штета од елементарна непогода во општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за настаната штета од елементарна непогода во општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 27-та седница одржана на ден 27.06.2024 година.

Бр. 09-715/18
27.06.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) и член 30 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр.03/2021), а во согласност со член 2 и член 11 став 3 од Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и Сл.Весник на РСМ бр. 215/21), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 27.06.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за настаната штета од елементарна непогода во општина Пехчево**

Член 1

Советот на општина Пехчево донесува Одлука дека на ден 24.06.2024 година имаше елементарна непогода (пороен дожд и град) во општина Пехчево каде што има направено штета врз земјоделски култури.

Член 2

За утврдување на штетата која е настаната како резултат од непогодата (пороен дожд и град), Комисијата за процена на штета од елементарни непогоди, во законски рок да направи увид и да ја утврди штетата по секое поднесено барање од граѓаните.

Член 3

Комисијата при извршување на својата работа е должна да постапува во согласност со прописите за заштита и спасување и Единствената методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди.

Член 4

Се задолжува Комисијата за процена на штета од елементарни непогоди по завршената работа да изготви извештај и истиот да го достави до Градоначалникот на општина Пехчево и Советот на општина Пехчево.

Член 5

За пријавување на штетите од настанатата непогода (пороен дожд и град) да бидат известени граѓаните каде што имало непогода за да достават барања за проценка на штета до Комисијата за процена на штета од елементарни непогоди во општина Пехчево.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-712/1
27.06.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за определување на надоместок на претседателот и на членовите на Комисијата за процена на штета од елементарни непогоди**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за определување на надоместок на претседателот и на членовите на Комисијата за процена на штета од елементарни непогоди, што советот на општина Пехчево ја донесе на 27-та седница одржана на ден 27.06.2024 година.

Бр. 09-715/19
27.06.2024 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 27.06.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за определување на надоместок на претседателот и на членовите на Комисијата за процена на штета од елементарни непогоди**

Член 1

Се определува паричен надоместок на претседателот и на членовите на Комисијата за процена на штета од елементарни непогоди и тоа:

- на претседателот по 1.300 (илјада и триста) денари дневница и
- на членовите по 1.000 (илјада) денари дневница.

Член 2

Надоместокот на претседателот и членовите на Комисијата ќе се исплати од Буџетот на општина Пехчево, по завршувањето на работата на Комисијата, т.е. по изготвувањето на Записник од проценетата штета и изготвувањето на Збирен извештај за проценетите штети на подрачјето на општината.

Член 3

Се задолжува Градоначалникот на општина Пехчево да обезбеди службено возило (теренско) за потребите на Комисијата за процена на штета од елементарни непогоди и истото да им го стави на располагање.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-713/1
27.06.2024 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

**С О Д Р Ж И Н А:**

1. Одлука за усвојување на измени и дополнувања на буџетот на општина Пехчево за 2024 година ____ 3;
2. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Фестивалот на дувачки оркестри Павловден 2024 година ____ 43;
3. Одлука за определување на начинот на распределба и цената за користење на просторот на плоштадот, за вршење на дејности за време на Фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски Павловден – 2024 ____ 45;
4. Одлука за давање согласност за формирање паралелки од I до IX одделение со помалку од 20 ученици во ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево и подрачните училишта за учебната 2024/2025 година ____48;
5. Одлука за давање согласност на годишен план за вработување во ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за 2025 година ____50;
6. Одлука за давање согласност на годишен план за вработување во ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2025 година ____ 61;
7. Одлука за усвојување на тримесечен извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за период од 01.01.2024 год. до 31.03.2024год ____73;
8. Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за престанок на начинот за обештетување на граѓаните за солидарен погреб ____82;
9. Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за запирање на наплата на административен надоместок за издавање одобрение за погреб ____84;
10. Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за утврдување на висината на цената за работна рака ____ 86;
11. Одлука за давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за висината на цената за обновување на водоводен приклучок ____ 88;
12. Заклучок за не давање согласност на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за наплата на извршни предмети без камата ____91;
13. Одлука за сопствено учество и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево во реализација на проектот - "Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2" за финансирање на техничка документација за „Замена на загадувачки со помалку загадувачки систем за греење во Домот на културата „Јане Санадански" – Пехчево ____92;
14. Одлука за утврдување на приоритет за аплицирање на Проектот на UNDP и Шведската Агенција за меѓународен развој (СИДА) „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2" ____94;
15. Заклучок за разрешување и именување на членови на Управен одбор во ОУ ДК Јане Сандански – Пехчево ____ 96;
16. Одлука за изменување и дополнување на членови на Комисијата за процена на штета при елементарни непогоди ____ 97;
17. Одлука за настаната штета од елементарна непогода во општина Пехчево ____ 99;
18. Одлука за определување на надоместок на претседателот и на членовите на Комисијата за процена на штета од елементарни непогоди ____101;